# студентско ехо

БРОЈ 24, ДЕКЕМВРИ 2023
БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК





## СОДРЖИНА:


4. АКТИВНОСТИ ВО ОКТОМВРИ 2023 НА СТУДЕНТСКИ ОРГАНИЗИРАНА МЕДИЦИНСКА АСОЦИЈАЦИЈА /STUDENT ORGANIZED MEDICAL ASSOCIATION/
6. СЕКОЈ ЧОВЕК ИМА ПРАВО НА СВОЈ СОН
8. ЗЕМЈАТА ПЛАЧЕ
10. ИНТЕРВЈУ СО ЕРАЗМУС СТУДЕНТОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ОД ШТИП
13. САРА ДЕНКОВА - ПРЕТСЕДАТЕЛКА НА УСС ПРИ УГД
14. АПЛИКАЦИИ И РЕСУРСИ ЗА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ
15. ДОГАЃАЊА ЗА КУЛТУРНА РАЗМЕНА
16. МОЕТО КРАТКО ПАТУВАЊЕ ДО СКОПЈЕ
17. БОЖИЌ ВО ЛИТВАНИЈА
19. МОСТ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ДВА НАРОДА СО МУЗИКА
20. ШТИП ЈА ДОБИ ТИТУЛАТА ЕВРОПСКИ ГРАД НА СПОРТОТ
22. АМБАСАДОРКАТА НА САД, АНГЕЛА АГЕЛАР ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА УГД И ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ
23. ЗАВРШИ САМИТОТ ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ ВО ДУБАИ
24. ЧЕКОРИМЕ СО ЉУБОВ НА ПАТОТ КОН ЕУ
26. ПОДЕЛЕНАТА СРЕЌА Е ВИСТИНСКА СРЕЌА
27. СКОПЈЕ ЈА ДОБИ ТИТУЛАТА ЕВРОПСКИ ГЛАВЕН ГРАД НА КУЛТУРАТА
28. РЕСТОРАН СО РОБОТИ ВО ТОКИО
30. ЛЕГЕНДАТА ЗА ДЕДО МРАЗ


## ИМПРЕСУМ:


**„Студентско ехо“ 24**

**Студентско списание**
**Катедра по новинарство и односи со јавноста**
**Правен факултет – Универзитет „Гоце Делчев“**
**Првиот број на списанието излезе во декември 2011 година**
**(основач на списанието е проф.др. Сузана Џамтоска – Здравковска со студентската генерација 2010-2011)**

**Главен и одговорен уредник:**
**проф. д-р Андон Мајхошев**

**Графички уредник и фотографија:**
**Александар Максимов**

Списанието излегува четири пати во текот на една студиска година и бесплатно се дистрибуира во сите наставни центри на Универзитетот. Целокупниот тираж е овозможен од Студентскиот парламент на Универзитетот и е бесплатен за сите читатели.

Контакт адреса:
studentskoeho@gmail.com
facebook.com/studentskoeho

АКТИВНОСТИ ВО ОКТОМВРИ 2023 НА

# СТУДЕНТСКИ ОРГАНИЗИРАНА МЕДИЦИНСКА АСОЦИЈАЦИЈА /STUDENT ORGANIZED MEDICAL ASSOCIATION/

**„Здравиот човек е богат човек, иако за тоа не е свесен"**

**Традиционално, медицината се смета и за уметност и за наука.**
**Потекнува од латинските зборови „ ars medicina ", што значи уметност на лекувањето.**





Темел на лекарската професија е медицинската етика. Хипократовата заклетва ги обврзува лекарите на тоа.

Група студенти од Факултетот за медицински науки при УГД Штип, во 2019 година ја основале „СОМА" – Студентски организирана медицинска асоцијација,што претставува прво официјално медицинско здружение.Големото медицинско семејство брои над 300 членови.
На 05.10.2023 година „СОМА" и „Дом на млади" Штип потпишале меморандум за соработка.Оваа соработка подразбира користење на просториите за одржување на едукативни работилници, семинари, настани и акции, во организација на „СОМА".

Студентите од Факултетот за медицински науки, на 17-ти Октомври имаа прекрасна можност да присуствуваат на настанот „ Sim with dr.Tim". Доктор Тим Гаул од Америка е токсиколог, семеен лекар и едукатор на специјализанти во неговата област, а има и долгогодишно искуство во лекување на пациенти. Тој несебично го споделува своето знаење со идните млади лекари и успева да направи прекрасен спој на искуството со младоста. На многу реалистичен начин симулира медицински случаи и им овозможува на студентите жедни за знаење, да земаат правилна анамнеза и да донесат точна дијагноза. Доктор Тим едноставно им отвора нови хоризонти на идните лекари, кои што здравјето на луѓето го ставаат на пиедестал и со љубов и посветеност се борат за животот на пациентите. Книгата „Доктор детектив" ја напишал во соработка со амбициозниот апсолвент на Факултетот за медицински науки, Владимир Панев. Оваа книга е напишана со едноставна, но благородна цел, да ги едуцира студентите и идните лекари, за да се намали ризикот од дијагностичка грешка, преку користење на клиничко расудување.

РОЗОВ ОКТОМВРИ е месец на подигање на свеста за канцер на дојка. По тој повод, Студентски организираната медицинска асоцијација-СОМА, на 25-ти октомври 2023 година, во соработка со др.Габриела Димова, беше организатор на едукативно предавање и работилница од областа на радиологијата. Студентите при УГД Штип, добија несекојдневна можност да се едуцираат и да сфатат дека навременото откривање на канцер на дојка, во девет од десет случаи може да се излекува. Значи, раниот скрининг е многу важен.

Секоја година,членовите на „СОМА" , по повод 5-ти декември – Светски ден на волонтерството, спроведуваат волонтерски активности за да се подигне свеста кај луѓето за важноста на здравјето, како и за решавање на проблемите од медицинска и немедицинска природа.
Хуманоста и алтруизмот на членовите на „СОМА " немаат граница. Тие не заборавaат секојдневно да изнудуваат насмевки на лицата на дечињата од : Специјалната паралелка за деца со посебни потреби од ОУ„Ванчо Прке", Мал групен дом, Дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост и Центарот за аутизам во Штип.
Во интерес на здравјето и благосостојбата на луѓето, на Студентски организираната медицинска асоцијација да и посакаме уште многу успешно реализирани хумани и алтруистички активности и проекти.



БОЖИДАР ДОНЕВСКИ

# СЕКОЈ ЧОВЕК ИМА ПРАВО НА СВОЈ СОН

**„ Неправда било каде, е закана за правдата секаде. Можеби сите дојдовме со различни бродови, но СЕГА сите сме во истиот брод”- рекол легендарниот афроамерикански борец за човекови и граѓански права, добитник на Нобелова награда за мир, Мартин Лутер Кинг. Најголемиот споменик „ Спомен-прегратка “ во Вашингтон кој што е направен во негова чест, говори за неговата големина како ЧОВЕК, КОЈ ШТО ИМАЛ СВОЈ СОН.**

## ЧОВЕК, КОЛКУ ТОА ГОРДО ЗВУЧИ!!!

Основа на идејата за човекови права- се човечкото достоинство и еднаквост за сите.Тоа се стандардите за квалитетен и достоинствен живот. Почитувани пријатели, дали некогаш сте се запрашале – Што ќе се случи ако бидеме принудени да направиме нешто против сопствената волја? За жал, тоа ќе го понижи човечкиот дух. Ако не ги почитуваме другите, тоа значи дека не ја цениме нивната индивидуалност.

Знаејќи го овој принцип на еднаквост, обидете се да се однесувате кон другите со почит и емпатија.

Многу филозофи дискутирале за природата на човековите права. Но, кога Меѓународната заедница ја усвоила Универзалната декларација за човекови права пред 75 години, биле воспоставени моќни концепти, познати како конвенции и договори.



Според овие концепти, човековите права се универзални и треба да се применуваат за сите луѓе во светот. Секој поединец, секоја индивидуа има право да ужива во човековите права без разлика на „раса” или етничка припадност, боја, пол, сексуална ориентација, религија, национално или социјално потекло. Секој човек на планетата земја има право на свој сон!

Можеби ќе се запрашате, дали универзалноста на човековите права е закана за богатата разновидност на поединци, вери и култури? Се разбира дека НЕ. Човековите права служат како минимални стандарди. А, вродените права на луѓето имаат свои корени во многу култури и традиции. Сите човечки општества треба да имаат свои идеали и системи за обезбедување на правда, кои што треба да се почитуваат.

„Ако дозволиме нашата светлина да биде видена, тогаш на сите луѓе на планетата земја им даваме шанса да го направат истото”. Оваа инспиративна мисла на Нелсон Мандела, буди чувство на восхит и почит кон неговото дело. Тој е симбол на борбата против расната дискриминација во светот.

Борбата за човекови права никогаш не завршува: „Ако не можете да летате, трчајте, ако не можете да трчате одете, ако не можете да одете, ползете”. НЕ ЗАСТАНУВАЈТЕ, БОРЕТЕ СЕ ЗА СВОИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА, НО ВНИМАВАЈТЕ НИКОГО ДА НЕ ПОВРЕДИТЕ! ОМРАЗАТА НЕ МОЖЕ ДА ЈА ИСТЕРА ОМРАЗАТА, САМО ЉУБОВТА ГО МОЖЕ ТОА.

СЕКОЈ ЧОВЕК НА ОВОЈ СВЕТ ИМА ПРАВО НА СВОЈ СОН! ДОЗВОЛЕТЕ МУ, СОНОТ ДА ГО ПРЕТВОРИ ВО ЈАВЕ !





91.0fm
91 93

# ЗЕМЈАТА ПЛАЧЕ

**XI-та Ораторска вечер, која што се оддржа на 30-ти април 2023 година, во организација на ,,Rostra vetera" од Правен факултет при УГД Штип, за мене беше голем предизвик. Кога мојот проф. др.Андон Мајхошев ми ја даде идејата за индијанскиот поглавица Сиетл, бев нестрплив да го прочитам и да го анализирам неговото инспиративно писмо, кое што го напишал во 1854 година, како одговор на барањето на американската влада да купи дел од територијата на индијанското племе Суквамиш, во замена за резерват.**



Бев воодушевен од прашањето упатено до американскиот претседател Френклин Пирс: „Како може да се купи или продаде рајот и топлината на земјата"? Веднаш направив компарација со нашето секојдневие. Со тага во срцето и очај во душата си го повторував прашањето: „Како може да се напуштат корените и топлината на нашата сончева Македонија"?

Писмото на индијанскиот поглавица Сиетл ја носи и пораката за поврзаноста на човекот со природата. Сфатив дека преку призмата на неговото инспиративно писмо, можам да бидам негов достоен гласник. Сакав да се обидам да ја подигнам еколошката свест на глобално ниво, за да може сите да го слушнат крикот на природата, затоа што денес – ЗЕМЈАТА ПЛАЧЕ.
Сакав да бидам оригинален и автентичен на мојот ораторски настап. Затоа носев маска индијански поглавица, која што за мене наменски ја изработи инженер Катица Белческа Аризанкоска од Прилеп и глобус како симбол на планетата земја.
Бев прогласен за најдобар оратор – студент на УГД Штип. Тоа беше награда за мојот вложен труд. Се вратив назад во времето, за да можам достојно да ја пренесам пораката на големиот, но едноставен црвен човек-индијанскиот поглавица Сиетл. Дали успеав ???

# ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА Е НАШ ЕДИНСТВЕН ДОМ!

ОЗОНСКАТА ОБВИВКА ИМА ЗАШТИТНА УЛОГА ЗА ЖИВОТОТ НА ЗЕМЈАТА.
НО, КОРИСНИОТ СЛОЈ МОЖЕ ДЕЛУМНО ДА БИДЕ УНИШТЕН ОД ХЕМИКАЛИИ И ДА СОЗДАДЕ ОЗОНСКА ДУПКА.
НАЈТЕШКА И НАЈБОЛНА Е ПОВРЕДАТА НА ПРИРОДАТА ОД СТРАНА НА ЧОВЕКОТ.
ДЕНЕС ЗЕМЈАТА ПЛАЧЕ , СЛУШНЕТЕ ГО КРИКОТ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА !
ПРИРОДАТА Е ИЗВОР НА ЖИВОТ И НАШЕ НАЈГОЛЕМО БОГАТСТВО.
ДОДЕКА И СЕ ВОСХИТУВАВ НА КРЕАТИВНАТА ПРИРОДА, ТАА ТОПЛО МЕ ПРИМИ ВО СВОЈАТА ПРЕГРАТКА.
ДИШЕВ СО БЕЛИТЕ ДРОБОВИ НА ПРИРОДАТА. ПОТОНАВ ВО ЦАРСТВОТО НА СОНИШТАТА.
ВО ТОЈ МОМЕНТ СЕ СЛУЧИ ЧУДО - ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА СЕ ПРЕТВОРИ ВО ВРЕМЕНСКА МАШИНА .
1854 ГОДИНА. СОНУВАМ ДЕКА ЈАС СУМ ИНДИЈАНСКИОТ ПОГЛАВИЦА СИЕТЛ И ГО ПИШУВАМ МОЕТО ИНСПИРАТИВНОТО ПИСМО- ОДА ЗА ЖИВОТОТ, ЗА ПРИРОДАТА И ЗА ВРЕДНОСТА НА ЗЕМЈАТА. ОВА ПИСМО Е ОДГОВОР НА БАРАЊЕТО НА АМЕРИКАНСКАТА ВЛАДА ДА КУПИ ДЕЛ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА ИНДИЈАНСКОТО ПЛЕМЕ - СУКВАМИШ.








**,,ВИЕ, ДА ВИЕ ГОСПОДИНЕ ПРЕТСЕДАТЕЛЕ ,ФРЕНКЛИН ПИРС, ШТО ТАКА СПОКОЈНО И РЕЛАКСИРАНО СЕДИТЕ ВО ВАШАТА ФОТЕЛЈА, МЕНЕ И НА МОЈОТ НАРОД НИ ПОНУДИВТЕ ДА ЈА КУПИТЕ НАШАТА ЗЕМЈАТА ВО ДРЖАВАТА ВАШИНГТОН, ВО ЗАМЕНА ЗА РЕЗЕРВАТ.**
**НО,ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ДЕКА МОИТЕ ЗБОРОВИ СЕ КАКО ЅВЕЗДИ ШТО НЕ БЛЕДЕАТ.**
**ДАЛИ ВИЕ, ПРЕТСЕДАТЕЛЕ ПИРС, ЗНАЕТЕ КОЈ ГО НОСИ СПОМЕНОТ НА ЦРВЕНИОТ ЧОВЕК ?**
**ТОА Е НЕКТАРОТ ШТО СЕ СПУШТА НИЗ ДРВЈАТА.**
**СЕКОЈА БЛЕСКАВА БОРОВА ИГЛА, СЕКОЕ ЗРНО ПЕСОК НА БРЕГОТ НА РЕКАТА. СЕКОЈ СЈАЈ И СЕКОЈА БУБАЧКА СЕ СВЕТИ, ВО ТРАДИЦИЈАТА НА МОЈОТ НАРОД.**
**ВИЕ, САКАТЕ ДА ЈА КУПИТЕ НАШАТА ЗЕМЈА .**
**КАКО МОЖЕ ДА СЕ КУПИ ИЛИ ПРОДАДЕ РАЈОТ И ТОПЛИНАТА НА ЗЕМЈАТА?**
**АКО ВИ ЈА ПРОДАДЕМЕ НАШАТА ЗЕМЈА, ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ДЕКА БИСТРАТА ВОДА НА ЕЗЕРОТО ГИ РАСКАЖУВА СПОМЕНИТЕ НА МОЈОТ НАРОД. ВО ЖУБОРОТ НА РЕКАТА ЌЕ ГО СЛУШНЕТЕ ГЛАСОТ НА НАШИТЕ ТАТКОВЦИ.**
**ЗАПАМТЕТЕ ДЕКА АЛЧНОСТА, ЕДЕН ДЕН МОЖЕ ДА ЈА ПРОГОЛТА ЗЕМЈАТА И ДА ОСТАВИ ПУСТОШ.**
**ДАЛИ ВО ГРАДОВИТЕ ИМА МЕСТО КАДЕ ШТО МОЖЕ ДА СЕ СЛУШНЕ ОТВОРАЊЕТО НА ЛИСЈАТА ?**
**ЗАГАДЕНИОТ ВОЗДУХ ВО ГРАДОВИТЕ Е НАВРЕДА ЗА ОЧИТЕ, А БУЧАВАТА ВО ГРАДОВИТЕ Е НАВРЕДА ЗА УШИТЕ.**
**ВОЗДУХОТ Е СКАПОЦЕН, БИДЕЈЌИ СЕ ШТО Е ЖИВО – ЧОВЕКОТ, ЖИВОТНИТЕ И ДРВЈАТА ГО ДЕЛАТ ИСТИОТ ЗДИВ.**
**АКО СИТЕ ЖИВОТНИ СИ ЗАМИНАТ, ЧОВЕКОТ ЌЕ УМРЕ ОД ОСАМЕНОСТ НА ДУХОТ, БИДЕЈЌИ СЕ ШТО СЕ СЛУЧУВА СО ЖИВОТНИТЕ, НАСКОРО ЌЕ МУ СЕ СЛУЧИ И НА ЧОВЕКОТ. СЕ Е ПОВРЗАНО.**
**ЗАПАМТЕТЕ ДЕКА ЗЕМЈАТА НЕ МУ ПРИПАЃА НА ЧОВЕКОТ. ЧОВЕКОТ И ПРИПАЃА НА ЗЕМЈАТА.**
**НИЕ ЈА САКАМЕ ОВАА ЗЕМЈА, КАКО ШТО НОВОРОДЕНЧЕТО ГО САКА ЧУКАЊЕТО НА МАЈЧИНОТО СРЦЕ.**
**АКО ЈА НАВРЕДИТЕ ЗЕМЈАТА, ГО НАВРЕДУВАТЕ БОГ.**
**АКО ПРОДОЛЖЕТЕ ДА ГО ВАЛКАТЕ СОПСТВЕНИОТ КРЕВЕТ, ЕДНА ВЕЧЕР ЌЕ СЕ ЗАДУШИТЕ ВО СОПСТВЕНОТО ЃУБРЕ.**
**МОЖЕ САМО ДА БЛЕСНЕТЕ ВО СВОЈАТА СОПСТВЕНА ПРОПАСТ.**
**СУДБИНАТА Е МИСТЕРИЈА И НЕ ЗНАЕМЕ КОГА МИСТЕРИОЗНИТЕ ШУМИ ЌЕ СМРДАТ ОД ЛУЃЕ.**

**СИТЕ ЌЕ СЕ ПРАШУВААТ :**
**КАДЕ СЕ ДИВИНИТЕ ? - ГИ НЕМА.**
**КАДЕ Е ОРЕЛОТ ? – И ТОЈ СИ ЗАМИНА.**
**ТОА ЌЕ БИДЕ КРАЈ НА ЖИВОТОТ , А ПОЧЕТОК НА БОРБАТА ЗА ОПСТАНОК."**
**2023 ГОДИНА. СЕ БУДАМ ОД МОЈОТ СОН.**
**ДРАГИ ПРИЈАТЕЛИ, СЕ НАДЕВАМ ДЕКА ВИ СЕ ДОПАДНА ОВАА ПРЕКРАСНА ПОРАКА ДО ЧОВЕШТВОТО, ЗА ПОВРЗАНОСТА НА ЧОВЕКОТ СО ПРИРОДАТА.**
**СЛУШНЕТЕ ГО КРИКОТ НА ПРИРОДАТА, ГЛАСОТ НА ЦРВЕНИОТ ЧОВЕК.**
**ЗЕМЈАТА ПЛАЧЕ. СИТЕ НИЕ ИМАМЕ ОДГОВОРНОСТ . ДА ЈА ЗАСАДИМЕ СВОЈАТА ИДНИНА, ЗАТОА ШТО ИДНИНАТА Е ДАР ЗА СИТЕ ГЕНЕРАЦИИ.**
**ВЕЛИЧЕНСТВЕНИОТ КОНДОРОВ ЛЕТ, КАКО ГЛАСНИК НА БОГОВИТЕ ЈА НОСИ ПОРАКАТА ЗА ПОДИГАЊЕ НА ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ.**
**ЗЕЛЕНАТА КРУНА НЕКА БИДЕ НАГРАДА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО НА МАЈКАТА ПРИРОДА.**
**БОЖИДАР ДОНЕВСКИ**

**/ К О Н Д О Р О В Л Е Т /.**

**ОБЈАСНУВАЊЕ - / КОМПОЗИЦИЈАТА ,,EL CONDOR PASA " ЈА НАПИШАЛ КОМПОЗИТОРОТ ОД ПЕРУ – ДАНИЕЛ АЛОМИА РОБЛЕС ВО 1913 ГОДИНА. ВО 2014 ГОДИНА , ВО ПЕРУ ОВАА КОМПОЗИЦИЈА Е ПРОГЛАСЕНА ЗА НАЦИОНАЛНО КУЛТУРНО БОГАТСТВО. СТАНУВА ЗБОР ЗА МЕЃУНАРОДЕН ХИТ, КОЈ ШТО ГО ОБЕЛЕЖУВА ФОЛКЛОРОТ ОД АНДИТЕ И Е ПОТРЕСНА ПЕСНА ЗА УНИШТУВАЊЕТО НА ЕДЕН НАРОД – ИНКА ИНДИЈАНЦИТЕ. /**

**/ ПЕСНАТА – ЗЕМЈАТА ПЛАЧЕ /**
**ЗЕЛЕНАТА КРУНА НЕКА БИДЕ НАГРАДА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО НА МАЈКАТА ПРИРОДА.**

БОЖИДАР ДОНЕВСКИ

# Интервју со Еразмус студентот на Универзитетот Гоце Делчев од Штип



**Секоја година на Универзитетот Гоце Делчев доаѓаат нови студенти од Еразмус. Решивме да интервјуираме една од студентката Еразмус од Турција - Еце Караорен. Во ова интервју таа ќе зборува за нејзиното искуство во Еразмус и како тоа и помогнало да се развие и да расте како личност.**

Еце Караорен е деветнаесетгодишна студентка од Истанбул, Турција. Таа е втора година на студии по математичко инженерство на Техничкиот универзитет Јилдиз. Нејзиниот роден град е Фетије, Турција, каде го поминува поголемиот дел од своето време. Обично сака да слуша музика, да спортува и да поминува време со своите пријатели.

Како ова Еразмус искуство може да влијае на вашата идна кариера или лични цели?

Еразмус е важно искуство за мене затоа што прв пат ми е да студирам во странство, да ги искусам тешкотиите да живеам сама и да се навикнам на разликите во новата земја. За мојата идна кариера, програмата Еразмус ќе го збогати моето CV што ќе влијае на шансата за работа во подобра работна средина. За моите лични цели, ќе ми помогне во иднина полесно да ги остварам моите планови, односно да работам и во странство. Така, со искуството преку Еразмус ќе можам полесно да се соочам со предизвиците со кои ќе се соочам во иднина со мојата лична цел.

Каков е влијанието што го предвидувате ова искуство врз нивниот живот по враќањето во Турција?

Само со еден семестар од моето студирање на УГД во Штип направи огромен прогрес и разлика во мојата личност и го промени мојот начин на гледање на работите. Кога ќе се вратам во Турција ќе имам поинаков пристап кон студирањето на мојот универзитет, плановите што ќе ги имам за мојата иднина и планирам да направам уште еден обид за Еразмус за да стекнам нови искуства.

Како го замислувате вашето Еразмус искуство кое ќе ги обликува вашите аспирации во кариерата или професионалната траекторија по враќањето во Турција?

Мислам дека тоа ќе ми ја промени желбата за областа на која ќе работам по дипломирањето. Со Еразмус сум поотворен за работа во странство, а ќе запознаам нови места и култури. Ќе бидам поактивен на меѓународните настани на мојот универзитет и ќе се обидам повеќе да бидам дел од него.

На кои конкретни начини ова искуство во странство ги промени вашите лични цели и амбиции за иднината?

Тоа ми покажа дека треба да учам и да се трудам повеќе за да го правам она што го сакам во животот и обликуваше некои мои идеи за моите цели во иднина. Како човек кој не може така лесно да се одлучи за некои планови или на што сакам да работам, Еразмус ми покажа дека сум заинтересиран да работам во странство, повеќе да зборувам на англиски и да се трудам да бидам дел од меѓународни настани.

Можете ли да елаборирате какви било вештини или сознанија стекнати за време на вашето време во Македонија, а кои верувате дека ќе бидат особено вредни во вашите идни напори назад во Турција?

Најважната промена за мене беше социјалниот живот. Еразмус дефинитивно ме научи да бидам поотворен кон луѓето и да поставувам прашања до луѓето доколку ми треба некаква помош и информирање. Кога ќе се вратам во мојата земја, оваа вештина ќе влијае на моите активности на мојот универзитет и на мојот социјален живот дефинитивно.

Дали вашите перцепции за вашето поле на студирање или индустрија се сменија како резултат на вашата меѓународна изложеност? Ако е така, како предвидувате дека тоа ќе влијае на вашите идни избори или акции?

Да, дефинитивно ја сменив мојата перцепција за моето поле на студирање. Како што споменав претходно, за мојата област сега сум поотворена за работа во странство. Дополнително на тоа, тоа влијаеше на моето мислење за индустријата што би сакал да студирам повеќе, која има поголеми шанси за работен простор во странство по дипломирањето.

Како планирате да ги интегрирате меѓукултурните знаења и искуства стекнати за време на вашиот Еразмус период во вашиот живот по враќањето во Турција, без разлика дали лично или професионално?

Лично, искуствата што ги стекнав за време на Еразмус на УГД-Штип ќе ме направат понезависен во однос на моите постапки по враќањето во мојата земја. Живеењето сама, обврската да си купувам животни намирници и размислувањето за плаќање на сметките и киријата, ме направија посамостојна и поодговорна во мојот живот. Со искуствата што ги стекнав овде, планирам да ги користам за работа на меѓународно ниво.

Дали развивте нови интереси, страсти или области на фокусирање за време на вашето време во странство што имате намера да ги истражувате понатаму или да ги вклучите во вашиот живот во Турција?

Научив дека повеќе сум заинтересиран да патувам на други места, да ги видам нивните култури, да научам повеќе за историјата на земјата и нивната кујна. По враќањето во мојата земја, веројатно ќе почнам прво да патувам во нашите историски места, отколку да се обидам да патувам во странство повеќе преку програми или сама. Преку моите патувања, дознав дека сум заинтересирана за сликање повеќе отколку што мислев, така што ќе го практикувам повеќе по моето враќање.

Дали би можеле да разговарате за конкретни проекти, иницијативи или цели што се стремите да ги преземете во Турција, а кои произлегуваат директно од вашите искуства и учења додека сте на програмата Еразмус?

Дефинитивно ќе се приклучам на клубот Еразмус на мојот универзитет за да стапам во контакт со другите студенти кои ќе бидат дел од програмата Еразмус за да им помогнам во процесот и да бидам водич на студентите кои ќе дојдат на мојот универзитет преку програмата Еразмус. Како цел ќе го искористам моето искуство од програмата за да добијам подобра стипендија за студирање и да добијам подобра работна средина во иднина.

Дали верувате дека вашите погледи за глобалните прашања, општеството или културата еволуирала за време на вашето време во странство? Како ова може да влијае на вашиот ангажман со локалните заедници или пошироките општествени прашања дома?

Да, мојата емпатија за разбирање на проблемите на другите луѓе или општите глобални прашања еволуираше за време на моето време овде. Тоа дефинитивно ќе ме натера подобро да ги разберам проблемите од сега па натаму.

Дали сте формирале врски или мрежи за време на вашето искуство со Еразмус што замислувате да ги одржувате или да ги искористите за вашите идни планови или аспирации во Турција?

Да, мислам дека создадов добри врски со моите пријатели за време на моето Еразмус искуство што би сакал да ги задржам во иднина. Не конкретно за мојата идна кариера, туку за мене е навистина драгоцено да ги видам нивните култури со посета на нивните земји или само да разговарам со нив на англиски по телефон или социјалните мрежи.

Гледајќи напред, како очекувате да го искористите меѓународното искуство стекнато во Македонија за да придонесете за вашиот личен раст и пошироката заедница по вашето враќање во Турција?

Како заклучок со меѓународното искуство што го стекнав од моето време во Македонија и Штип, ќе бидам поотворена кон луѓето, ќе се обидам да бидам посоцијална во мојот личен живот и ќе се обидам да бидам понезависна и поактивна личност во мојот универзитетски живот. Стекнав многу пријатели од други држави и други култури. Сега подобро зборувам англиски, а научив и да го користам и македонскиот јазик. Дефинитивно сега сум подобра во зборувањето на англискиот јазик и полесно комуницирам со студентите од другите држави.

Ивета Шареико-Еразмус студент од Литванија на Правниот факултет -Медиумски студии и односи со јавноста








# САРА ДЕНКОВА

**ПРЕТСЕДАТЕЛКА НА УНИВЕРЗИТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ НА УГД**

**Универзитетското студентско собрание избра ново раководство, Сара Денкова е новата претседателка.**
**Сара е студентка на Факултетот за Медицински науки.**

# "MENTAL HEALTH APPS AND RESOURCES"

In an era where prioritizing mental health has become very important there are loads of mental health apps and online resources designed to help students navigate the challenges of university life. These apps come in handy for various needs – some are all about helping you relax and de-stress with meditation or sleep sounds, while others connect you with licensed therapists for online counseling. It's neat how technology is making it easier for us to take care of our mental well-being. Beyond the digital realm, universities often have their own mental health services, like counseling centers and hotlines. These resources offer face-to-face support, which can be crucial for those who prefer a more personal touch. Exploring these digital and university-provided resources isn't just about dealing with tough times; it's also a way of fostering a culture where it's okay to talk about mental health openly. As the saying goes, it takes a village, and in this case, the village includes apps, websites, and good old-fashioned human support to make sure students feel supported in their mental health journey.
Here are examples of mental health apps and online resources that students can explore to support their well-being:

- Headspace: Headspace is a meditation app that offers guided meditation sessions to help users reduce stress, improve focus, and enhance their overall mental well-being.
- Calm: Calm is an app that provides meditation and relaxation exercises, along with sleep stories and music designed to promote better sleep and relaxation.
- BetterHelp: BetterHelp is an online counseling platform that connects users with licensed therapists through video, phone, or chat sessions, making professional mental health support more accessible.

# "АПЛИКАЦИИ И РЕСУРСИ ЗА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ"

Во ера кога приоритетот на менталното здравје стана многу важен, се појавија многу апликации и онлајн ресурси дизајнирани да помогнат на студентите во справувањето со предизвиците на универзитетскиот живот. Овие апликации се корисни за различни потреби - некои се фокусирани на помагање при опуштање и намалување на стресот со медитација или звуци за спиење, додека други ве поврзуваат со лиценцирани терапевти преку онлајн сесии за советување. Интересно е како технологијата ја олеснува грижата за нашето ментално здравје. Зад дигиталниот свет, универзитетите често располагаат со свои услуги за ментално здравје, како центри за советување и хотлајни. Овие ресурси обезбедуваат лице-лице поддршка, што може да биде критично за тие кои предпочитаат посебен пристап. Истражувањето на овие дигитални и универзитетски ресурси не е само за справување со тешкотии; исто така, тоа е начин за развивање на култура во која е прифатливо отворено разговарање за менталното здравје. Како што вели поговорката, треба село, а во овој случај, селото вклучува апликации, веб-страници и добро старомодна човечка поддршка за да се обезбеди дека студентите се поддржуваат во нивниот пат кон менталното здравје.
Еве примери на апликации и онлајн ресурси за ментално здравје кои студентите може да ги истражат за поддршка на нивното благоста:

- Headspace: Headspace е апликација за медитација која нуди водени сесии за медитација за помош во намалување на стресот, подобрување на фокусот и зголемување на општото ментално здравје.
- Calm: Calm е апликација која обезбедува упатства за медитација и опуштање, заедно со приказни за спиење и музика дизајнирана за подобрување на квалитетот на сонот и опуштање.
- Better Help: Better Help е онлајн платформа за советување која ги поврзува корисниците со лиценцирани терапевти преку видео, телефон или чет сесии, што го прави професионалното поддржување на менталното здравје покрај тие.



# "CULTURAL EXCHANGE EVENTS"

I am Vilnius Universtity from Lithuania and in our uni, we've got cool stuff like international festivals, language swaps, and mix-it-up parties that make our campus a global hangout. Student crews get together to put on these events, blending traditions, languages, and arts from all over the place. It's like turning our school into a melting pot of world vibes. The festivals give us a taste of cultures worldwide, and language swaps go beyond just words, helping us connect on a whole new level. When we all gather for multicultural parties, it's not just about the party; it's about showing that unity is cool, even with our differences. So, these events are like magic carpets taking us beyond borders, making our campus a cool spot where everyone's story adds to the mix.
Here are some examples:

- International Cultural Days: Vilnius University may organize International Cultural Days where students from different countries showcase their traditional food, music, dance, and art. It's a vibrant display of diversity on campus.
- International Film Screenings: Film festivals showcasing international movies, documentaries, or short films might be organized to give students a cinematic taste of various cultures.
- International Music Nights: Musical events featuring performances from different cultural genres could be organized, providing a platform for musicians and fostering an appreciation for global sounds. Also our university organising a international parties in the club for students.

# "ДОГАЃАЊА ЗА КУЛТУРНА РАЗМЕНА"

Јас сум студент на Универзитетот во Вилнус, Литванија, и на нашиот универзитет имаме кул работи како меѓународни фестивали, размена на јазици и забавни збори кои го прават нашиот кампус глобално место за дружење. Студентски групи заедно организираат вакви настани, ги спојуваат традициите, јазиците и уметностите од целиот свет, претварајќи го нашиот универзитет во топец на светски вибрации. Фестивалите ни даваат вкус на културите од целиот свет, а размената на јазици оди подалеку од зборовите, помагајќи ни да се поврземе на целосно ново ниво. Кога се собираме за мултикултурни забави и дружење, не е само за забава; прикажуваме дека единството е кул, иако имаме различности. Така, овие настани се како магични килими што бришат граници, правејќи го нашиот кампус место каде што секоја приказна допринесува кон различноста.
Еве неколку примери:

- Меѓународни Културни Денови: Универзитетот во Вилнус организира Меѓународни Културни Денови каде студентите од различни земји ги прикажуваат своите традиционални јадења, музика, танци и уметност. Тоа е живописен приказ на разнообразноста на кампусот.
- Меѓународни Филмски Проекции: Филмски фестивали кои ги прикажуваат меѓународни филмови, документарци или кратки филмови можат да се организираат за да им дадат на студентите кинематографско искуство на различни култури.
- Меѓународни Музички Вечери: Музички настани со изведби од различни музички жанрови можат да се организираат, обезбедувајќи платформа за музичари и развивање на увид во светските звуци. Исто така, нашиот универзитет организира меѓународни забави во клуб за студентите.

# "MY SHORT TRIP TO SKOPJE"

My Erasmus started with a short one-day trip to Skopje with other Erasmus students. I was surprised how beautiful is the city, so my trip was great! The mix of old and new architecture in the city is wild – from the Alexander the Great Square to the ancient vibes in the Old Bazaar. Walking through the Old Bazaar felt like getting lost in a tangle of narrow paths frozen in time. The ancient cobblestone streets carried the stories of years gone by, and the market stalls were like a colorful explosion of local stuff – handmade crafts, spices, and all sorts of cool finds. The Stone Bridge is like a time machine, linking the past and today. The view from the bridge is a snapshot of Skopje's evolution, with the blend of Ottoman and modern buildings framing the cityscape. It is not just a bridge - it is a symbol of continuity, a silent witness to the flow of time in Skopje. And at night, when it is lighted up, the Stone Bridge turns into a magical passage, inviting everyone to become part of the city's ongoing history. And the food! The smell of different cuisines in the air made me want to eat everything. Skopje is like a colorful mashup of history and a warm welcome that you can't help but feel. It's a place that sticks with you, and I'm already planning my next visit.




# "МОЕТО КРАТКО ПАТУВАЊЕ ДО СКОПЈЕ"

Моето Ерасмус искуство започна со кратко еднодневно патување во Скопје со други Ерасмус студенти. Бев изненадена колку убав е градот, па моето патување беше одлично! Контрастот од стара и нова архитектура во градот е фантастична - од Плоштад Александар Велики до атмосферата во Старата Чаршија. Шетајќи низ Старата Чаршија, се чувствував како што се загубив во змиулести патеки замрзнати во времето. Античките брусени улици ги носеле приказните на минатите години, а бутиците беа како шарена експлозија на локални предмети - рачно изработени занаети, зачини и различни интересни најдени предмети. Каменот мост е како временска машина, поврзувајќи го минатото со сегашноста. Погледот од мостот е краток осврт на еволуцијата на Скопје, со комбинацијата на Отоманска и модерна градежна архитектура што го врамува градскиот пејсаж. Тоа не е само мост - тоа е симбол на продолжување, тивок сведок на текот на времето во Скопје. И навечер, кога е осветлен, Каменот мост се претвора во магичен пат, поканувајќи ги сите да станат дел од текот на историјата на градот. И храната! Мирисот на различни кујни во воздухот ме направи да посакам да јадам сè. Скопје е како шарена смеса на историја и топло гостопримливост, која не можеш да не ја почувствуваш. Тоа е место што ти останува во спомен, и веќе планирам своја следна посета.



# "CHRISTMAS IN LITHUANIA"

As an Erasmus student from Lithuania, experiencing Christmas in my home country holds a special place in my heart. Lithuania transforms into a winter wonderland during this festive season, with the air filled with a unique blend of traditions, warmth, and a strong sense of community. The heart of Lithuanian Christmas lies in the celebration of Christmas Eve, known as "Kūčios," where families gather for a sumptuous dinner featuring twelve different kinds of fish and a variety of traditional dishes. The Christmas tree, beautifully adorned and symbolically significant, takes pride of place in homes and public spaces. As an Erasmus student, experiencing these unique Lithuanian Christmas traditions brings a sense of connection to my roots and allows me to share the magic of this season with newfound friends from around the world. It's a time when the spirit of giving, the warmth of shared moments, and the creation of lasting memories beautifully capture the essence of Christmas in Lithuania.



# "БОЖИЌ ВО ЛИТВАНИЈА"

Како студентка на Еразмус од Литванија, искуството на прослава на Божиќ во мојата татковина зазема посебно место во моето срце. Литванија се претвора во зимска волшебна земја за време на оваа празнична сезона, со воздух исполнет со уникатна комбинација на традиции, топлина и силно чувство на заедништво. Срцето на Литванскиот Божиќ лежи во празнувањето на Божиќната Вечер, позната како "Kūčios", каде што семејствата се собираат на раскошна вечера со дванаесет различни видови риба и разновидни традиционални јадења. Божиќната елка, која е прекрасно украсена и има симболично значење, зазема гордо место во домовите и јавни простории. Како студентка на Еразмус, доживувањето на овие уникатни Литвански Божиќни традиции донесува чувство на поврзаност со моите корени и ми овозможува да ја споделувам магијата на овој празник со нови пријатели од целиот свет. Тоа е време кога духот на давање, топлина на заедничките моменти кои траат и создаваат трајни спомени прекрасно го зафаќаат суштината на Божиќ во Литванија.

Ивета Шареико, студентка од Литванија на
Еразмус Програмата на Правен факултет,
Медиумски студии и ОЈ при
Универзитетот "Гоце Делчев"- Штип






# МОСТ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ДВА НАРОДА СО МУЗИКА

Големиот револуционер и визионер, Гоце Делчев, пред повеќе од еден век кажал: „Јас го разбирам светот како поле за културен натпревар меѓу народите". На 11-ти ноември, во Националната установа- Центар за култура „Ацо Шопов"Штип, женскиот камерен хор „Неразделни" од Ќустендил, Република Бугарија и градски камерен хор „Астибо" од Штип, Република Македонија, под диригентска палка на Веселка Петрова и Ивана Ѓурѓевиќ Јанков, а со пијано придружба на Жана Николова, беа градители на мост за соработка помеѓу два народа, во рамките на проектот „Меѓусебна соработка како мост за зближување на народите". Во прекрасна и релаксирана атмосфера, хористите со многу љубов заеднички ги интерпретираа сите хорски композиици, а на љубителите на хорското пеење им подарија незаборавни моменти исполнети со музички акорди и хармонија.



Тие докажаа дека мостовите меѓу народите изградени со музика, љубов, насмевки, емоции, среќа и радост, траат вечно. По тие мостови гордо ќе чекорат и идните генерации.
Диригент Ивана Ѓурѓевиќ Јанков, вонреден професор на Музичката академија при УГД Штип, ја искористи оваа прекрасна можност да го промовира новото име на хорот, со кое ќе се претставуваат во иднина – Градски камерен хор „Астибо"Штип. Таа истакна дека соработката со – Женски камерен хор „Неразделни" продолжува и најави нова музичка средба меѓу двата хора на 16-ти декември во Ќустендил, Република Бугарија. Мостот на пријателство меѓу двата народа сакаат да го крунисаат со МУЗИКА.

# ШТИП ЈА ДОБИ ТИТУЛАТА ЕВРОПСКИ ГРАД НА СПОРТОТ




Од Брисел пристигна вест која ги израдува сите штипјани. Станува збор за одлука со која Штип ја доби престижната титула-Европски град на спортот. Штип е вториот град во Републиката што се закити со оваа престижна титула, по Куманово. Во голема конкуренција на 50 градови до 500 илјади жители од повеќе држави во Европа Штип успеја да се избори за оваа посакувана титула и со тоа е ставен на мапата на градови кои во 2024 година ќе биде во знакот на спортот.
Зошто е важана оваа титула? Важана е поради афирмација на градот во европски рамки, за изградба на нова и ревитализација на старата спортската и комуналната инфраструктура во градот, како организирање на многубројни спортски натперварувања. Поради тоа, Титулата европски град на спортот на Штип за 2024 година на локалната власт овозможува пристап за користење на финсиски средства од европски фондови за развој на спортот и спортската инфраструктура.
На 08.12.2023 година, Европскиот парламент, на свечена церемонија, градот Штип го прогласи за Европски град на спортот во групата од 16 града до 500 илјади жители. Штип аплицирал во категоријата градови меѓу 20.000 и 500.000 жители.
Организациониот одбор на Европската асоцијација на градови на спортот (ACES Europe), веќе ги објави селектираните градови. Штип е во групата со Солун – Грција, Приштина – Косово, Херцег Нови – Црна Гора, како и неколку други градови од Шпанија, Франција, Португалија, Србија Штип беше бодуван според 12 критериуми и на крајот доби доволно поени да биде избран за Европски град на спортот.
Оваа престижна титула ја прими градоначалникот на Штип., м-р Иван Јорданов.
"Во Брисел го примивме високото признание Европски град на спортот за 2024 година, што претставува одлична можност за уште поголем развој на спортот, спортските клубови и на спортската инфраструктура во нашиот град. Признанието е обврска и поттик да ги зголемиме активностите за унапредување на спортот и за неговата популаризација во секоја населба во градот", рече градоначалникот на Штип, Иван Јорданов, по примањето на признанието."
Тој, од Брисел најави дека во првата половина на 2024 ќе започне изградбата на спортскиот центар „Џексон" со капацитет до 1.000 посетители, а во план се и доизградба и целосна реконструкција на Градскиот стадион со две модерни трибини и атлетска патека, изградба на сала за училиштен спорт во приградските населби Три Чешми и Караорман, доизградба на затворениот базен и изградба на сала за боречки спортови.
На 08.12.2023 година на Гала ACES Europe Awards во Брисел, беа доделени титулите на повеќе од 50 градови, вклучувајќи ги и трите престолнини на спортот: Софија (Бугарија) – Светска престолнина на спортот 2024 година, Џенова (Италија) – Европска престолнина на спортот 2024 година и Сан Хуан (Аргентина) – Американска престолнина на спортот во 2024 година.
Градовите што ќе ја понесат титулата Европски град на спортот имаат обврска да работат на популаризација и унапредување на спортот и да организираат спортски настани, манифестации и натпревари. За овие активности може да побараат поддршка од Европската комисија.
Градовите кои се избрани со титулата европски градови на спортот, им оставаат во аманет подобра спортска иднина и спортски можности на своите граѓани. Добар пример за ова е градот Антверпен во Белгија, Евроспки град на спортот во 2013 година, каде активните луѓе се зголемиле за 10%. Потоа, враќање на инвестицијата, а како пример се споменува Андалузија, која стана Европски регион за спорт 2021. Регионот имаше поврат на инвестицијата од 156 милиони евра.
Меѓу другите придобивки се споменува активното вмрежување, размена на најдобри практики со други градови и учество на неколку конгреси со мрежа од повеќе од 3.000 градови ширум светот. Можност за добивање евопски грантови, при што секоја година ACES Europe вклучува градови во различни проекти и повици на ЕУ.
Придобивки
Придобивките од титулата европски град на спортот се големи. Градовите имаат обврска да работат на популаризација и унапредување на спортот и да организираат спортски настани, манифестации и натпревари., а локалната власт за овие активности може да побараат финансиска поддршка од Европската комисија. Во 2024 година во Штип ќе се организираат многубројни спортски натпревари од меѓународен карактер што ќе привлече голем број гледачи, но ќе влијае и на афирмација на спортот, подигање на спортскиот дух, фер плеј и што е најважно ќе вклучи голем број на млади во разни видови на спортот.
Како што наведува Европската асоцијација, градовите кои се избрани, им оставаат во аманет подобра спортска иднина на своите граѓани. Како пример го наведуваат Антверпен, Европски град на спортот во 2013 година, каде активните луѓе се зголемиле за 10%. Исто така, по прогласувањето на регионот Андалузија во Шпанија за европски регион на спортот за 2021 година вложените финансии во разни инфраструктурни проекти биле вратени 156 милиони евра.
Друга придобивка е активното вмрежување, размена на најдобри практики со други градови и учество на неколку конгреси со мрежа од повеќе од 3.000 градови ширум светот., како и можност за добивање евопски грантови, при што секоја година ACES Europe вклучува градови во различни проекти и повици на ЕУ.
Граѓаните на Штип, особено љубителите на спортот очекуваат голем бенефит од оваа титула.
Првенствено очекуваат спортски возбудувања и нова спортска инфраструктура која ќе остане за идните генерации.



# АМБАСАДОРКАТА НА САД, АНГЕЛА АГЕЛАР ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА УГД И ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ

**Продолжи традицијата на редовни посети на амбасадори на САД на УГД-Штип. На 15.12.2023 година во работна посета на УГД-Штип престојуваше амбасадорката на САД во Македонија, Ангеле Агелер. Таа, прво се сретна со Ректорот Дејан Мираковски и проректорите Ана Никодиновска-Крстевска и Зденка Стојановска, а потоа на Правниот факултет се сретна и со студентите. На средбата студентите се интересираа за корупцијата и криминалот во нашата земја, како и на кој начин може Амбасадата на САД да помогне во искоренување на оваа негативна појава. Многу прашања се однесуваа и на функционирањето на правната држава и владеење на правото, како и за актуелните меѓународните односи на глобално ниво.**





Ректорот, проф. д-р Дејан Мираковски истакна дека УГД и Амбасадата на САД имаат одлична соработка и изградено партнерство во многу области, особено во голем број заеднички проекти кои беа значајни за развојот на Универзитетот.
Амбасадорката Агелер истакна дека Амбасадата на САД дава поддршка на развојот на Универзитетот, обезбедување стипендии за наставниците, студентите и вработените, како и гостување на стипендисти на програмата Фулбрајт.
Деканката на Правниот факултет, проф. д-р Олга Кошевалиска се заблагодари за помошта на Амбасадата на САД со чија помош е направена современа судница во која се одржуваат многу едукативни работилници и натпревари помеѓу студентите и важи за една од најдобрите судници од овој вид во Републиката.







# ЗАВРШИ САМИТОТ ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ ВО ДУБАИ

**DUBAI 2023**



Перманентниот раст на температурата на глобално ниво ги алармира климатолозите во светот да размислуваат како да се справат со овој глобален проблем. ООН, како најрепрезентативна меѓународна организација со децении презема сериозни чекори да се справи со овој проблем, но досега нема напредок во таа насока. На сите претходни самити за климатски промени немаше конкретен договор за заедничка акција. Најмоќните и најразвиените индустриски држави вербално се согласуваат, но практично го одбегнуваа решавањето на овој проблем кој сериозно се заканува на опстанокот на цивилизацијата.

Конечно, на самитот во Дубаи КОП28 на ООН за климатски промени, светските лидери усвоија Резолуција за напуштање на фосилните горива и постепено преминување на други видови енергенси кои не делуваат на климатските промени. Делегациите од 198 држави во светот конечно се договорија и постигнаа договор земјите да преземат акција за намалување на емисиите на штетни гасови. Во Договорот е предвидено тројно зголемување на глобалниот капацитет за обновлива енергија и удвојување на просечната стапка на подобрување на енергетската ефикасност во светот до 2030 година. Исто така, се повикува на транзиција од фосилни горива до крајот на оваа деценија со цел конечно укинување на користење на овој вид гориво до 2050 година.

На овој Договр се противеше Организацијата за производство на нафта ОПЕК предводена од Саудиска Арабија која смета дека емисијата на штетни гасови може драстично да се намали со преземање на други мерки.

Експертите за климатски промени предвидуваат дека до 2050 година температурата ќе порасне за 1.5 степени Целзиусови.

Дали овој договр ќе заживее во реалноста останува времето да покаже.



БОЖИДАР ДОНЕВСКИ

# ЧЕКОРИМЕ СО ЉУБОВ НА ПАТОТ КОН ЕУ





Го сокрив својот глас длабоко во себе, се пронајдов во мислата на англискиот филозоф, правник и државник, Френсис Бејкон, дека најстрашна осаменост е да немаш вистински пријатели. Посакав да зборувам со Европа и желбата ми се исполни на Ораторскиот натпревар, кој што беше организиран од страна на Европското движење ЕММК, во соработка со фондацијата „Конрад Аденауер и Центарот за европски студии„Вилфред Мартенс" од Брисел, на 18-ти мај 2023 година, по повод 9-ти мај-Денот на победата над фашизмот. Овој ден е Ден на Европа и прв важен чекор во настанувањето на Европската унија.

Почитувана Европо, добредојде во нашиот топол дом, во нашата сончева Македонија. Слушни го гласот на мојот мирољубив народ. Слушни го гласот на еден млад човек. Ние сакаме да докажеме дека сме достојни да бидеме дел од Европското семејство.

Како ехо одзвонува епилогот од збирката „Ex ponto", на Иво Андриќ:

- Што виде во летниот ден ден, сине мој ?

„Видов дека овој живот е мачна работа, што се состои во промената на гревот и несреќата, дека да живееш значи да наслагаш измама врз измама".

- Сакаш ли да заспиеш, сине мој ?

„Не, татко, одам да живеам"!

Сфатив дека и покрај сите тешкотии, треба да останеме будни и да го обоиме животот со боите на виножитото. Визијата на македонскиот народ е да се донесуваат политички одлуки врз основа на вистинската историја и традиција. По тие одлуки ќе не ценат идните генерации. Одговорноста е наша.

Им се восхитувам на народните херои на Македонија, кои што се бореле за своите идеали. Тие ги дале своите животи, за ние да имаме посветла иднина. Од името на својата генерација длабоко им се поклонувам.

Им се восхитувам на сите родители, кои што се обидуваат да им го покажат вистинскиот пат на своите деца, за да излезат среќни и задоволни од лавиринтот на животот.

Да не ги заборавиме и учителите кои што не научија да читаме и да пишуваме на нашиот убав македонски јазик, а преку правилен говор да му дадеме душа на секој збор.

Ние ги почитуваме и ги негуваме заедничките вредности за мир, демократија и човекови права. Македонскиот народ гордо и достоинствено, со силата на љубовта чекори кон Европската унија.

Апелирам до сите луѓе да го прифатат секој животен предизвик, да ја прифатат борбата, да ја искористат секоја шанса, да се соочат со реалноста, да ги исполнуваат ветувањата и да и се восхитуваат на убавината. Едноставно, даја пронајдат најдобрата верзија од себе.

Сите заедно да го посееме семето на љубовта, среќата и радоста. Да ја вратиме насмевката кај луѓето. Да бидеме херои на своето време. Да се бориме, но никого да не повредиме. Знам дека патот е трнлив, но ние сепак храбро го чекориме.

„Сонував дека животот би требало да биде радост, се разбудив и сфатив дека животот е напор. Работев и видов дека во напорот е радоста".

Оваа прекрасна мисла на Тагорин нека биде ѕвезда водилка на патот кон нашата Европска иднина.

Почитувана Европо, се надевам дека ја примивте пораката. Тоа сме ние. Македонски народ со срце и душа како планина.

Мојата сончева Македонија треба да биде дел од Европското семејство, затоа што најискрено верувам дека ЕВРОПСКАТА УНИЈА Е НАШ ВИСТИНСКИ ПРИЈАТЕЛ.





# Поделената среќа е вистинска среќа

Најдолгиот ден во годината, 21-ви Јуни е ДЕН кога светот ја слави музиката.
Градски хор Штип, оваа година на овој ден ја покажа својата хумана димензија. Одржа еден прекрасен и незаборавен концерт во НУ-Центар за култура „ Ацо Шопов “ Штип.



Диригент м-р Ивана Ѓурѓевиќ Јанков, вонреден професор на Музичка академија при УГД Штип, успеала да ги координира хористите од различни генерации на многу професионален и перфектен начин. Задоволство е да се работи со хористи кои што ја сакаат музиката, живеат за музиката и несебично ја подаруваат музиката. Целта е постигната, затоа што докажавме дека музиката е универзален јазик- вели таа.



Насмевката на лицата на специјалните гости: Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост „ Порака “ Штип, Државното средно училиште за образование и рехабилитација „Искра“ од Штип, Штипските тамбураши, студентите од Музичката академија при УГД Штип и најмладите членови на Културно уметничкото друштво „Ристо Донев учителот“ од Штип, беше доказ дека музиката е срцето на животот, врв на сите уметности и вечна инспирација.





Музиката е храна на љубовта, ако љубовта се храни со музика. Мотото на нашиот хор е да шириме љубов со музика- истакна диригент м-р Ивана Ѓурѓевиќ Јанков.

Долго ќе го паметам овој прекрасен концерт на „Градски хор Штип“, затоа што беше исткаен од љубов, насмевки,емоции, среќа и радост. Како ехо одѕвонуваше музиката, која што е клуч за среќен живот.
„ Нашиот свет се вика музика, нема вера ниту граница“- беа едногласни сите хористи.





# СКОПЈЕ ЈА ДОБИ ТИТУЛАТА ЕВРОПСКИ ГЛАВЕН ГРАД НА КУЛТУРАТА

Главниот град на Република Македонија ја доби престижната титула-Европски главен град на културата за 2028 година. Во силна конкуренција на многу културни центри во Европа, Скопје се закити со титулата-Европски главен град на културата, победувајќи го градот Будва од Црна Гора. Оваа титула го обврзува градот Скопје да создаде услови за афирмација на културата и културните вредности зачинети со европска културна арома. Овој едногодишен културен настан е огромна можност за афирамција културните работници во својата креативност. Скопје како домаќин на континенталната манифестација-Европски главен град на културата има обврска да обезбеди одлични услови за презентирање на европската култура со сите нејзини специфики.
Изборот на Скопје за Европска престолнина на културата се очекува да резултира со значителни културни, економски и социјални придобивки за градот, а неговата понуда ќе биде предводена од долгорочна развојна стратегија за културата. Ова е голема шанса, преку добри проекти да се обезбедат и финансиски средства од европските фондови за развој на културата, изградба на нови и ревитализација на веќе изградените културни објекти.
Идејата за прогласување на Европски главен град на културата датира од 80-те години од минатиот век кога тогашната министерка за култура на Грција, Мелина Меркури, ја претстави својата идеја пред европските политички фактори. Вакавата идеја наиде на добар прием кај европјаните и почнувајќи од 1985 година во Европа се одредува главен град на Европа за култура. Прв главен град во Европа на културата е прогласена Атина.
Од тогаш, секоја наредна година Европската комисија прогласува главен град на културата или престолнина на културата во Европа. Се прогласува главен град на културата во Европа во кој се организираат многу културни настани. Освен главен град, се прогласуваат и повеќе други градови на културата кои цела година живее со културата и за културата со многу културни настани.
Европската престолнина на културата прерасна во еден од најамбициозните културни проекти во Европа и стана една од најпознатите и најценетите активности на ЕУ. Целта на Европска престолнина на културата е да се промовира различноста на културите во Европа, да се истакнат заедничките карактеристики и да се поттикне придонесот на културата во долгорочниот развој на градовите.
Во 2023 година со титулата Европски главен град на културат се закити романскиот град Темишвар под мотото Нека блесне Вашата светлина, а во 2022 година оваа титула ја понесоа три града: Нови Сад (Србија), Каунас (Литванија) и Еш-сур Алзете (Луксембург).



# РЕСТОРАН СО РОБОТИ ВО ТОКИО



Јапонија е една од најразвнииете земји во светот. Роботизацијата и автоматизацијата е на највисоко ниво, а доколку престојувате таму би се чуствувале како да сте стотици години пред времето. Тоа го потврдува и најновиот модел на ресторант без келнери. Целата услуга ја вршат роботите што ја прави ова приказна многу интересна и уникатна.
Во центарот на градот Токијо се наоѓа ресторантот Pepper PARLOR.
Pepper е роботот кој ги прима вашите нарачки, тој комуницира со вас, Ве забавува и се фотографира. Насекаде низ ресторантот можете да ги видите како се движат, а воедно да се фасцинирате од нивниот изглед.
Servi е друг тип на робот кој ги доставува вашите нарачки до вашата маса каде што седите.
Whiz i / Whiz е робот со вештачка интелигенција кој се грижи целиот ресторан да биде беспрекорно чист. Тој не престанува да работи дури кога никој не го гледа.
Club The Pepper музика, роботи и јапонска храна ви овозможива поинакво искуство на ноќен живот каде ќе танцувате со роботите и ви нуди поинаков амбиент од деншниот. Можете да уживате во вкусни суши и ремен тестенини под прекрасното осветлување пропратено со танцот на роботите. Во секој случај прекрасно искуство со роботите во ресторанот кое вреди да се доживее.









# Легендата за ДЕДО МРАЗ

**Препознатливиот Божиќен лик со црвено одело и бела брада станува заштитен знак на Новогодишните празници, најпрепопзнатлив по рекламите на компанијата за безалкохолни пијалоци "Coca Cola".**

Постојат многу легенди за ликот кој носи подароци на сите деца во светот со своите летечки санки. Тој се поврзува со монархот Свети Никола кој е роден некаде околу 280 година во Патара, во близина на Мира во денешна Турција. Тој, целото свое богатсво кое го наследил, патувајќи низ селата го давал, за да им помогне на болните и сиромашните луѓе. Приказната за трите сиромашни сестри кои ги спасил од нивниот татко кој сакал да ги продаде како робинки, е една од најпознатите за него. Тој на трите сестри им обезбедил мираз за да можат да се омажат. Низ годините неговата популарност се зголемила и станал познат како заштитиник на децата и морнарите.
Тој станува популарен во Соединетите Американски Држави во 1773 година, кога еден њујоршки весник објавил дека на 6-ти Декември група холандски семејста оддале почит за неговата смрт. Холанѓаните се заслужни за пренесувањет на легендата за Свети Николас во Њу Амстердам со обичајот да им им даваат подароци на децата на неговиот празник, 6ти Декември. Приказната за Дедо Мраз е врз основа на сликите нацртани од карикатуристот Томас Наст за неделникот Харпер, кој започнува во 1863 година. А дополнително беше популаризирана во 1931 година со рекламите на "Coca Cola" од илустраторот Хадон Сандблум со ликот на Дедо Мраз како држи шише од Coca Cola.
Така е создадена прикзната за дедо Мраз кој живее со својата сопруга, г-ѓа Клаус на Северниот пол во Лапонија, каде децата од цел свет му испраќаат писма со своите желби и го чекаат на Бадник да се спушти низ очакот и да им остави подароци. Децата оставаат млеко и колачиња кај оџакот за Дедо Мраз, а тој лета со волшебните санки кои ги влечат неговите ирваси Дашер, Танчер, Прансер, Виксен, Комета, Купидон, Донер, Блицен и најпознатиот ирвас од сите, Рудолф.
Бајката за дедо Мраз е најомилената и најубавата приказна за сите деца во светот, во која веруваат, а неговиот лик создава среќа и радост во детскиот живот.



2024